# Живеалиштето и културата на живеење низ антиката во Македонија [1]

Дафина Герасимовска
Институт за историја на уметноста и археологија
dafina@fzf.ukim.edu.mk

*Клучни зборови: живеалиште, куќа, антички, римски, вила, резиденција, атриум, перистил, црковни, приградски, рустични.*

Овој текст претставува синтеза на најголем дел од досега откриените остатоци и познатите податоци за античките живеалишта на почвата на Р. Македонија. Базирајќи се на овие податоци, поткрепени со пишаните информации од античките автори и споени со сознанијата за човековите живеалишта и нивната организација во рамките на населените места низ античкиот период, изнесени во повеќе научни трудови во светот, се донесени определени сознанија и заклучоци за состојбата во Р. Македонија.

Следејќи ги зачетоците и корените на уметноста на градењето, коишто се врзани за изградбата на живеалиштата, беше неопходно да се започне со развитокот на живеалиштата во предисторискиот период, со наједноставниот начин на градење на живеалишта, што се забележува на предисториските локалитети во Р. Македонија. Следењето на нивниот развиток води кон историската епоха, во којашто егејските цивилизации внеле повеќе новини. Овие новини влијаеле врз развитокот на живеалиштата во текот на античкиот период, пред се низ медитеранските простори, вклучувајќи ја и територијата на Р. Македонија.

Остатоци од раноантички живеалишта, куќи се сретнуваат на локалитетот Вардарски Рид кај Гевгелија, [2] на пример *Куќата на колекционерот*, *Куќата со атриум*, *Куќата со светилиште*, *Куќата со када* и др., потоа во населбата кај Глос, с. Грчиште, скромните остатоци на Исарот кај Марвинци, [3] на островот Голем Град во Преспанското Езеро, [4] потоа рибарското живеалиште на локалитетот Анче кај с. Крани [5] како и живеалиштето на имотот на локалитетот Теќе, с. Отовица кај Велес. Траги од раноантички живеалишта се констатирани и во прилепско, околу

Преспанското Езеро, а со новите ископувања нивното присуство е регистрирано и на други локалитети како на пример во *Лихнид*, Охрид.

Најголем дел од откопаните и истражени живеалишта, куќи во Р. Македонија потекнуваат од римскиот период. Остатоци од римски куќи се сретнуваат во Стоби, Скупи, Хераклеја кај Битола, *Лихнид* потоа градовите кај Марвинци и Валандово, во населбата на Голем Град, како и други осамени објекти низ просторот на Р. Македонија. Помалубројни се остатоците од ранoримскиот период, додека побројни се остатоците од објекти за живеење коишто му припаѓаат на доцното римско време. Доцноримскиот период е одбележан со големи градежни активности низ целата Империја, вклучувајќи ја и Македонија. Откопаните објекти претежно им припаѓаат на градските центри.

Доцноантичкиот период значи внесување на големи промени во концепцијата на живеалиштата, нивната положба во градовите и надвор од нив, како резултат на општествените промени, прифаќањето на новата религија и ширењето на новата култура на живеење. Во градовите се зголемил бројот на сиромашното население коешто се сместувало во набрзина испреградените раскошни куќи, зад сеуште сочуваните фасади на овие градби. Нивните остатоци се констатирани во градовите, како на пример во Стоби и Хераклеја, а исто така и надвор од нив. Куќите коишто се наоѓале во близина на ранохристијанските базилики биле обновени во духот на новата религија и ставени во употреба на црковните лица. Нив ги сретнуваме во Стоби, Хераклеја, Баргала, а постојат индиции за постоење на вакви црковни градби и на Калето кај Виница како и во *Лихнид*. Понатамошните истражувања треба да донесат соодветни докази за нивната локација и концепција.

| категоризација | период | тип | примери |
|---|---|---|---|
| градски | раноантички римски, доцноантички | со двор,<br>со атриум,<br>перистилни (псевдоперистилни) | Вардарски Рид;<br>Стоби;<br>Хераклеја;<br>Скупи. |
| приградски | римски | со атриум,<br>со двор,<br>со перистил? | Скупи, Стоби,<br>Баргала, Валандово. |
| полски имоти (рустични вили) | раноантички,<br>римски,<br>доцноантички | со двор,<br>со перистил | *Теќе*, Отовица;<br>*Разбиеница*, Ресава;<br>*Пештерица*, Ореовец;<br>*Мишевска воденица*, Немањици;<br>*Барутница*, Амзабегово;<br>*Козлук*, Охрид и други. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| црковни резиденции (градски) | доцноантички | перистилни (псевдоперистилни), со двор | Баргала; Хераклеја; Стоби; *Кале,* Виница? *Лихнид?* |
| инсули | доцноримски | | Стоби? |

## Категоризација на античките живеалишта

Живеалиштата во Македонија коишто потекнуваат од античкиот период, според својот карактер, функција и местоположба би можеле да се класифицираат во 4 категории. Тоа се градските (урбани) куќи и вили, приградските (субурбани) вили, полските имоти со своите рустични вили и црковните резиденции. Засега, со сигурност не се констатирани станбени објекти од типот на римските инсули (*insulae*), иако некои елементи укажуваат на постоење на овој тип на градби во Стоби. [6]

## Градски куќи и вили

Остатоците од раноантички, предримски, градски куќи во Р. Македонија, откриени пред се во градот на Вардарски Рид (сл.1), укажуваат на едноставни живеалишта, изградени од ефтин градежен материјал, со неправилна форма, прилагодени кон конфигурацијата на теренот. Овие живеалишта не би можеле да се класифицираат во пастадниот или перистилниот тип на куќи, нуту пак во типот *херdраум* (*herdraum*). [7] Иако се изнесени мислења за постоење на куќи од типот *пастас*, [8] на што укажува и близината на Пела и Олинт, кадешто се сретнуваат куќи од овој тип, сепак скромните археолошки остатоци засега не го потврдуваат тоа. Можноста за примена на планови коишто му припаѓаат на типот *простас* [9] е исклучена, затоа што тој е специфичен само за јонските градови и нивните колонии. [10] Основните карактеристики на раноантичките куќи, како што е присуството на дворот и интровертната ориентација на просториите се карактеристики на сите познати живеалишта. Кон античките правила се придржуваат и ретките простории за одржување на личната хигиена, со тоа што биле сместени во непосредна близина на кујнскиот комплекс. Кон улицата биле отворени само просториите наменети за трговија и услуга на граѓаните, како што се продавниците и работилниците.

Сознанијата за карактерот на градските куќи од римскиот период во Р. Македонија главно се базираат врз остатоците, откриени во римскиот муникипиј (*municipium*) Стоби. Освен раноримската градска вила *Каза Романа,* [11] покрај Црна Река, којашто се доближува до типот на римскиот домус, без имплувиј (*testudinatum*) и приградската, доцноримска вила на локалитетот Стакина чешма кај Валандово, [12] во којашто се препознаваат извесни елементи на римскиот домус, овде со

имплувиј (*impluvium*), останатите градски, приградски па и рустични живеалишта му припаѓаат на перистилниот тип, познат во хеленистичкиот свет и раширен низ медитеранските простори во текот на целиот антички период. Доцноримски куќи од овој тип се констатирани во сите градски центри на Балканскиот Полуостров како што се Абритус, Августа Трајана, Диоклецијанопол, Никопол на Нест, Павталија, потоа во Сирмиј, Медијана, Царичин Град, Ремезијана, Феликс Ромулијана, во северно-африканските провинции во градовите Волубилис, Типаса, Картагина, Сабрата, Була Регија исто како и во градовите на источните провинции, како Палмира, Антиохија, Зеугма на Еуфрат и др. Поскромните живеалишта се задоволувале со внатрешниот двор, често мултиплициран зависно од карактерот на објектите, како и со присуството на по некој трем.



Сл. 1 Вардарски Рид, Гевгелија, *Куќата на колекционерот* и *Куќата со атриум*, аксонометрија (3-2 век ст.е.)

Во Стоби, поради густо изградениот простор, перистилот најчесто е сведен на псевдоперистил. Градските куќи и вили, лоцирани на поширок простор и во допир со водоводните жили, имале можност за инкорпорирање на бањски комплекси (*thermae*) во својот состав како на пример кај куќата под ранохристијанската базилика во Скупи, *Куќата на Перистерија* и т.н. *Коцкарница,* во

суштина уште една градска куќа во Стоби како и градската вила кај Авторемонт во Хераклеја.

## Приградски вили

Стеснетиот простор во градските ѕидини, материјалното богатство и желбата за истакнување на ова богатство на имотните римски граѓани, довеле до подигање на пространи приградски вили во предградијата, надвор од рамките на градовите. Широкиот простор којшто им бил на располагање на сопствениците, нивната економска моќ и желбата за себепретставување, воделе кон оформување на ваквите омилени резиденции и на просторот од Римската Империја којшто денеска го опфаќа територијата на Р. Македонија.



Сл. 2 Стакина чешма, Валандово, приградска вила, реконструирана основа и перспектива (4 век н.е.)

На територијата на Р. Македонија делумно се истражени неколку приградски, субурбани вили во предградијата на римските градови. Нив ги сретнуваме во околината на Скупи, на пример вилата кај с. Бардовци, Стоби, Баргала, во предградието на градот кај Валандово меѓу кои е и вилата кај Стакина чешма (сл. 2) како и во предградијата на другите римски градови во Р. Македонија. Некои од овие градби биле изградени како рекреативни објекти, но тие најчесто биле врзани за искористувањето на малите приградски имоти коишто обезбедувале свежа храна, за потребите на фамилијата на сопственикот. Уредувањето на овие вили зависело од богатството на сопственикот, од традициите на просторот на којшто

тие биле градени, практичната употреба, општествениот статус, а пред се од желбата за романизираност.

## Полски имоти

Полските имоти биле омилени и во раноантичкиот период меѓутоа своето посебно место тие го добиле во римскиот период, со оформувањето на рустичните вили, како делови од овие имоти. Истраженоста на рустичните вили е минимална, главно сведена на рекогносцирања и сондажни ископувања. Врската помеѓу градот и селото била основа за развитокот на општеството, стопанството, трговијата како и за политиката и културата. Покрај многуте активности со коишто се занимавало населението во раноантичкиот период, земјоделството и стопанството биле примарни. На полските имоти се работело многу напорно, тука се живеело и се произведувала храна од растително и животинско потекло, за прехранување на фамилијата и за тргување со неа. Одделни имоти служеле за опуштање и престој на поимотното население, во текот на еден дел од годината, а на нив се одвивале и определени индустриски активности. Улогата којашто ја имале селските имоти во раната антика ја потврдуваат и остатоците од полскиот имот кај Теќе, с. Отовица. [13]

Римскиот период довел до делумни промени на улогата на полските имоти. Со експанзијата на Римската Империја дошло до поголема романизација во новите провинции, а со тоа и до зголемување на бројот на земјоделските имоти со своите т.н. вили рустуки (*villae rusticae*). Освен што биле битна економска база, извор на богатство, овие земјоделски имоти претставувале можност за подем на граѓаните во општествената хиерархија. Производите од овие имоти не само што ја прехранувале фамилијата туку биле наменети и за извоз во италските простори како и за потребите на римската војска. Рустичните вили покрај својата работна улога служеле и за одмор, заздравување, како престојувалиште со изобилство на храна, мир и спокојство. Како имот на средноимотен раноримски посед во Р. Македонија да го спомeнеме објектот на локалитетот Разбиеница кај с. Ресава во Тиквеш, во којшто се задржале повеќе елементи од раната антика, видливи во начинот на градење и просторната организација, како резултат пред се на културата, наследена од староседелците. [14]

Во сите провинции, во 3 век н.е. доаѓа до деструкција на куќите и опаѓање во градењето на вили. Вилите пред се добиле работен карактер со значително опаѓање на комфорот. Со надминувањето на општата криза во Империјата, кон крајот на 3 и во 4 век н.е. се зголемил бројот на рустичните вили што укажува на развиток на економијата. Повеќето регистрирани рустични вили во Р. Македонија, сконцентрирани во полињата, покрај речните долини и езерските брегови, потекнуваат токму од доцноримскиот период. Нивната распространетост зависела

од локацијата на градовите и комуникациската мрежа. Резиденцијалниот дел од рустичните вили по ништо не се разликувал од урбаните вили. Тие биле рурални само според својата локација, а во суштина станува збор за псевдоурбани вили. Кон крајот на 4 век вилите почнале да се преградуваат со порустични ѕидови како и градските куќи, а одделни делови добиле нова намена во зависност од потребите на новите жители. Немирните времиња во доцниот 4 и раниот 5 век довеле до утврдување на вилите и фармерските куќи. Вакви вили се сретнуваат на пример во околината на Скопје кај Маркови Кули, Летевци и на Пеленица кај Драчево.

## Црковни резиденции

Репрезентативните станбени градби во крајот на антиката биле наменети за престој на црковните лица. Како црковни резиденции засега се идентификувани *Куќата на Полихарм* во Стоби, во својата доцна фаза, како и објектите во Хераклеја и Баргала, именувани како *Епископски резиденции*. Од истражените резиденции може да се заклучи дека овие градби се приближувале до новата култура на живеење, произлезена од ширењето на христијанската религија, главно со внесување на христијанска симболика во декоративниот аранжман, при обновувањето и пренаменувањето на објектите. Судејќи според просторната организација на црковните резиденции и во доцната антика може да се забележи континуирано постоење на станбените објекти со внатрешен двор или перистил. Присуството на главната приемна просторија, *оекус* (*oecus*) којашто произлегла од трпезаријата, триклиниј со приклучување на апсидалниот додаток е регистрирана кај сите споменати црковни резиденции. Новите резиденции ги прифатиле сите битни елементи, коишто имале во голема мера и симболички значења, а совршено се вклопувале не само во архитектонската концепција на градбата, туку биле погодни и за исполнување на обврските на црковните лица.

## Локација на живеалиштата

Тешко е да се говори за планиметријата на раноантичките градови во Македонија, тргнувајќи од скромните, досега истражени наоѓалишта. Во раноантичките градови на територијата на Р. Македонија, куќите биле сместени во блокови со неправилна форма, раздвоени со кривулестите улички, што укажува на слободно формирана агломерација. При обновувањето на градовите се правеле обиди за постигнување на определена геометриска правилност, иако објектите коишто тука веќе постоеле ги отежнувале овие обиди. Кај новоподигнатите градови таквиот проблем бил избегнат, меѓутоа на тлото на Р. Македонија засега не е позната таква урбана целина. Станбените објекти биле сместени под акрополата, надвор од срцето на градовите.

Доаѓањето на Римјаните довело и до промена на градските планови, со настојувањето ортогоналниот систем да се прилагоди кон конфигурацијата на теренот и кон постарите, веќе изградени градби воколку се работело за постара населба на истиот простор, како на пример во Стоби. Во новоподигнатите населби било полесно да се применат пропишаните правила и норми при подигањето на населбите како во раноантичкиот така и во римскиот период. Во градовите куќите се концентрирале околу определени цивилни области, полека проширувајќи се кон потешко достапните и понепожелни области. Надвор од градовите, се настојувало куќите да бидат концентрирани покрај главните патишта, а имотите да бидат поврзани со градските населби и блиските извори на питка вода.

Во доцноримскиот период дошло до значителни промени во урбанизмот и локацијата на живеалиштата во градовите и надвор од нив. После 4 век голем број јавни градби и богати куќи биле напуштени. Тоа е време на субделба на поголемите куќи во повеќето делови на Медитеранот, [15] а следствено и во Македонија. Во некогашните големи куќи биле подигани преградни ѕидови од камен врзан со кал и биле оформувани мали простории, претварајќи ги овие раскошни градби во повеќе мали живеалишта. Ваквата субделба е особено впечатлива кај *Куќата на ГР* (Домус Фулоника) во Стоби, а се забележува и кај останатите, некогаш раскошни живеалишта, во градовите и надвор од нив. Некогашните јавни објекти исто така биле испреградени и станале домови на придојденото население. Барајќи поголема безбедност, жителите од околните места се труделе да ги сместат своите живеалишта што поблиску до градските ѕидини, такашто и во предградијата се граделе набрзина живеалишта со слаб квалитет.

Раскошните куќи коишто се наоѓале блиску до црковните објекти имале поголема среќа. Голем дел од нив биле обновени и станале живеалишта на црковните лица. Рустичните живеалишта, настанати како резултат на субделбата на репрезентативните градби и брзото никнување на сиромашни станбени единици, на просторот на некогашните јавни објекти како и во предградијата, од една страна, и раскошните резиденции блиску до базиликите од друга страна, довеле до двојбеност во станбената архитектура во градовите и надвор од нив пред замирањето на Римската Империја.

**Карактеристики на живеалиштата**

Секој архитектонски објект се разликува еден од друг според некои свои карактеристики, коишто го поврзуваат со објектите што служат за иста цел. Една од основните карактеристики на античките живеалишта, пронајдени во Р. Македонија е дворот. Тој претставува обединувачки елемент во куќата. Во некои раноантички куќи со мала површина, отсуството на двор, наметнало поинаква организација на овие куќи. Кај куќите од раноримскиот период дворот еволуирал

во атриум (*atrium*), понекаде присутен и подоцна, како на пример во вилата кај Стакина чешма, Валандово. Најчесто доцноримските куќи имаат двор ограден од 2, 3 или 4 страни со трем, со што се оформува перистил или најчесто псевдоперистил, со богата декорација. Овој елемент е присутен кај живеалиштата низ античкиот период, од грчкиот исток се до северозападните делови на Римската Империја, во своите различни варијации но најчесто како перистил. [16] Во составот на куќите, како дел од перистилот или независно од него се сретнуваат градини со различна површина и намена во зависност од карактерот на објектот и просторот којшто го поседувал тој.

Следниот битен елемент е трпезаријата-триклиниј (*triclinium*) којашто во доцноримскиот период и потоа, со додавањето на апсиди за сместување на стибадиј (*stibadium*), [17] еволуирала во оекус (*oecus*). Овие трпезарии коишто биле употребувани како оеки најчесто имаат осумаголни писцини-фонтани во нивниот средишен простор, како на пример во *Куќите на Полихарм*, *Перистерија*, *т.н.Коцкарница* во Стоби. Пред нив понекогаш е присутен и предпростор, оекариј или прекариј. Освен повеќенаменските трпезарии од типот триклиниј, стибадиј или оекус се сретнуваат и биклинија, екс履дри за дискусии во една пријатна атмосфера, диаетае за релаксација и за престој на гостите и други простории коишто биле составен дел од римските куќи.

Некои од нив имале и бањски комплекси (*thermae*) во својот состав, а бањата била речиси задолжителна на полските имоти во рустичните вили како во раноримскиот така и во доцноримскиот период. Од раноантичкиот период, засега е констатирана када за капење само во една куќа на локалитетот Вардарски Рид, којашто го добила своето има според овој наод. Куќите поседувале и помошни простории со различна намена.

Како градежен материјал при изградбата на станбените објекти биле користени дрвото, каменот и тулата.

Во раноантичкиот период, како средство за врзување, најчесто била употребувана глината, а во римскиот период за таа намена бил воведен и варовиот малтер. Ѕидовите во раноантичкиот период биле изведени од плетер и плитар, [18] применуван и кај градските куќи на Вардарски Рид, во населбата на островот Голем Град како и кај објектот на имотот кај Теќе, с. Отовица, а којшто продолжил да се употребува и во раноримскиот период, на пример кај рустичната вила на Разбиеница кај с. Ресава.

Римскиот период значел воведување во употреба и на печените тули покрај каменот. Најчести техники на градење биле инкертум (*incertum*) во комбинација со еден вид на опус кементикиум (*opus caementicium*), познат во раната антика како *емплектон*, како и опусот микстум (*mixtum*). Куќите биле покриени со ќерамиди.

Скромните живеалишта во доцноантичкиот период биле градени од евтин градежен материјал, камен врзан со кал, а при градењето биле во изобилство употребувани и постари сполии.

Подовите во раноантичките живеалишта во Р. Македонија не биле декорирани иако декорирани подови се сретнуваат на другите простори од античка Македонија, како што се Олинт и Пела. Ова секако се должи на малкуте откопани објекти од овој период како и нивната нерепрезентативна улога. Римскиот период значел поголем раскош и во декорацијата. Така повеќето подни површини биле декорирани со подни мозаици во опус сектиле (*sectile*) и теселатум (*tessellatum*) иако можат да се сретнат и други мозаични техники. Посебно место во декорацијата на подовите опусот теселатум (*opus tessellatum*) добил во доцноантичките црковни резиденции како на пример *Епископската резиденција* во Хераклеја и *Куќата на Полихарм* во Стоби.

При уривањето на архитектонските објекти најмногу страдале ѕидовите. Од тие причини остатоците од ѕидна декорација се скромни меѓутоа сепак покажуваат дека ѕидовите, пред се во римските куќи, биле декорирани, најчесто со фрески и штукатура, често комбинирани едни со други, а поретко со мозаици. Остатоци од ѕидна декорација се сретнуваат во објектот на имотот кај Теќе, с. Отовица, во *Каза Романа*, *Куќата на Партениј*, т.н.*Епископска резиденција* во Стоби како и скомни траги во некои други римски куќи во и надвор од градовите.

Во отворените, внатрешни простори на римските куќи била употребена богата декоративна пластика којашто имала функционална и декоративна улога. Повеќето од овие елементи биле секундарно употребени додека некои пак биле посебно дизајнирани за определен објект. Највпечатливи се столбовите и капителите со тордирани канелури, како и декоративните елементи во фонтаната, декорирани на ист начин, а сите сместени во големиот перистил на *Куќата на Партениј* во Стоби.

Во сите ископувани и истражувани живеалишта биле пронајдени бројни фрагменти од кујнска и амбалажна керамика, како и цели садови, стаклени садови и делови од нив, светилки, метални кујнски предмети, мали садчиња за медикаменти, накит, скулптури, монети како и други наоди коишто се врзани за начинот на живеење и активностите на човекот. Сите тие говорат за културата на живеење на античкиот човек и помагаат за временско разграничување на живеалиштата или одделни нивни фази.

## Значење на живеалиштето

Човечкиот живот е богат и комплексен и за доловување и расветлување на повеќето негови димензии потребни се сестрани приоди. Опфаќајќи ги примената

и значењето, стилот и функцијата како и емоционалното и семиотичкото се согледува дека целата материјална култура има повеќе од утилитарно, функционално значење. [19]

Античката куќа била силно поврзана со локалната заедница и општеството во целина. Тешко е да се забележи дали општественото однесување му претходело или влијаело на уредувањето на елитните куќи, коишто главно опстојале, и дали присвојувањето на формите ги оживеало последователните однесувања на општествените промени.

Низ целиот антички период куќата била повеќенаменски простор. Таа е приватен, ненабљудуван простор на семејната единица, но куќата била истовремено не само центар на приватниот туку и на општествениот живот, симбол на родот и на фамилијарниот идентитет, симбол на општествениот статус и во себе носела цела низа на значења и симболика. Во римската култура, и во западните и во источните делови од Империјата, јавните димензии на домашниот простор ја покажуваат круцијалната улога на куќите во себепретставувањето и комуникацијата помеѓу статусот и богатството.

Градот како и живеалиштето во него и надвор од него е рефлексија на самото општество како и тивко сведоштво за духот на античкиот човек. Текстуалните и археолошки извори, фрлаат на некој начин светлина врз извесни елементи на античкиот свет, осветлувајќи некои аспекти, а оставајќи ги другите во длабока сенка.

## Белешки:

[1] Текстот претставува кратко резиме на докторската дисертација под истиот наслов, одбранета на Философскиот факултет во Скопје, на 14 март 2008 година.
[2] Митревски 2001; idem 2005, 15-90.
[3] Соколовска 1986, 68-69.
[4] Битракова-Грозданова 1989, 121-123.
[5] Eadem 1990, 127-132.
[6] Мано-Зиси 1939, 265-266.
[7] Куќи со главна просторија со огниште.
[8] Долг трем, отворен кон дворот на јужната страна.
[9] Влезен хол, еден вид трем со два столба помеѓу антите, пред главната групација на простории.
[10] Graham 1966, 3-31; Krause 1977, 164-179.
[11] Wiseman-Mano-Zissi 1974, 126-128; Микулчиќ 2003, 89-92.
[12] Герасимовска 1996,147-153.
[13] Герасимовска 2006, 205-214.

[14] Микулчиќ 1971, 269-285.
[15] Ellis 1988, 569.
[16] Swoboda 1990, 83-84.
[17] Според Martial (Epigrammata, X.48.6;XIV.87), стибадијот како вид на триклиниј со полукружно легло влегол во мода околу 1 век н.е., меѓутоа архитектонски докази за тоа нема пред доцниот 2 век.
[18] Тули изработени од глина, а сушени постепено на сонце.
[19] Hodder 2003, 73-74.

## Библиографија:


Битракова Грозданова В.,

-1989: "Ископувањата на Голем Град од 1981-1986 година", *Macedoniae Acta Archaeologica 10 (1985-1986)*, Скопје 1989, 101-133.

-1990: "Крани-Преспа, 1989г.", *Macedoniae Acta Archaeologica 11 (1987-1989)*, Скопје 1990, 127-133.

Герасимовска Д.,

-1996: *Антички куќи во Македонија,* Скопје 1996.

-2006: "Три полски имоти, три времиња" , *Folia Archaeologica Balcanica 1*, Скопје 2006, 205-214.

Graham W.J.,

-1966: "Origins and Interrlations of Greek House and Roman House", *Phoenix XX: I*, Toronto 1966, 3-31.

Ellis S. P.,

-1988: "The End of the Roman House", *American Journal of Archaeology 92*, Boston 1988, 565-576.

Krause C.,

-1977: „Grundformen des Griechischen Pastashauses", *Archäologischer Anzeiger (Jdl 92)*, Berlin 1977, 164-179.

Мано-Зиси Ђ.,

-1939: "Урбанистички лик Стобија", *Уметнички преглед 2:9*, Београд 1939, 262-267.

Микулчиќ И.,

-1971: „Една античка вила рустика во Тиквеш", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет 23,* Скопје 1971, 269-285.

-2003: *Стоби, антички град*, Скопје 2003.

Митревски Д.,

-2001: *Старомакедонскиот град на Вардарски Рид*, Скопје 2001.

-2005: „Вардарски Рид, истражувања 1995-2004", *Вардарски Рид, том 1*, Скопје 2005, 15-90.

Соколовска В.,

-1986: *Исар-Марвинци и Повардарјето во античко време*, Скопје 1986.

Swoboda, K.M.

-1990: „Antike und mittelalterliche Paläste", *Die Römische Villa*, Darmstadt 1990, 78-115.

Hodder J.,

- 2003: „Architecture and Meaning: the example of neolithic houses and tombs", *Architecture & Order, Approaches to Social Space*, London-New York 2003, 73-86.

Wiseman J.- Dj.Mano-Zissi,

-1974: "Excavations at Stobi, 1973-1974", *Journal of Field Archaeology 1*, Boston 1974, 117-148.

## SUMMARY

### Housing and Lifestyle Culture Throughout Antiquity in Macedonia

The subject of our interest are ancient private buildings, houses excavated in the Republic of Macedonia. The remains from early antiquity are rare. We can find them in the ancient town at Vardarski Rid, at Glos near the village Grciste, on the Isar, near Marvinci, on the island Golem Grad in the Lake Prespa, the house in Krani on its shores, Teke near the village Otovica. Most of the excavated houses existed during the Roman period such as the houses in the town of Stobi, Heraclea Lyncestis, Skupi, and Bargala, in the towns near Marvinci and Valandovo, in the settlement in Golem Grad. From the Late Antique period are the bishop's residences in Stobi, Bargala, Heraclea Lyncestis and also apartments of poorer quality, as a result of subdivisions of the rich roman houses and all kinds of entertainment buildings and public squares, which were filled with small houses.

Ancient houses, discovered in the Republic of Macedonia can be classified in 4 categories: urban houses and villas, suburban villas, country estates with rustically villas and church's residences. These private houses were situated in the towns and outside the city walls in their suburbia, and in the wide area near the main roads, on the country estates in the valleys, near the rivers and lake's shores.

The houses from early ancient settlements have a provincial character regarding the architecture and spatial organization. In general, roman houses are very rich with a more elaborate style of architecture, various chambers, vegetation and richly decorated fountains. Antique houses preserved the basic characteristics of domestic buildings in the Antique world such as inner open courtyards, as a central *peristyl* (pseudoperistyl) in the roman houses and *triclinia* transformed in apsidal dinning rooms in the late antique houses of governors and bishops, used as an audience hall. Bigger houses have many other chambers like exedras, *diaetae*, *thermae*, libraries, bedrooms, kitchens, storage rooms, workshops and some of them have an upper story.

Early ancient houses were built of mud brick walling on the foundations made of roughly cut stones, bounded with mud. Roman and late antique residences were built of

stronger material, stone bounded with mortar and bricks. Primitive walls of the poor late antique houses were made of stone and mud. Luxurious houses were decorated with mosaic floors, and the interior walls of houses were decorated with frescoes, molded stucco and rare with mosaics. There were many movable finds left in all discovered buildings.

The ancient house was a locus of private and public life, sign of gender and family identity, symbol of social status, *dignitas* and it had many other significances and symbolism.